Бр. 03-402/1
06.3.2020 година
Скопје

Врз основа на член 8, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и член 170, ставовите 1 и 2 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 425/2019), ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје донесе

**О Д Л У К А**
**за определување службено лице за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Член 1**

Со оваа Одлука лицето **Биљана Фотиновска** се определува за службено лице за посредување со информации при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како имател на информации.

**Член 2**

Службеното лице за посредување со информации контактира и ги дава потребните информации од јавен карактер со кои располага Ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје согласно со листата на информациии со кои располага, утврдена со Одлука, и им помага на барателите на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации,чувањето и давање на информациите, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, друг закон и актите на Универзитетот.

Службеното лице за посредување со информации, по добивањето на барањето формира предмет со сите релевантни податоци со предлог до ректорот да се даде целосна или делумна информација или да се одбие барањето за пристап до информации согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 3**

Ректорот или по негово овластување проректорите и генералниот секретар соработуваат со службеното лице за посредување со информации заради создавање на услови за примена на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 4**

Оваа Одлука се објавува на веб страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Ректор**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Република Северна Македонија * Скопје *

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Генерален секретар: м-р Марија Маневска